ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Содржина


*Страна*

965. Одлука за донесување на Конечен Предлог-Детален убанистички план за блок 12 КО Гевгелија, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година-------------------------- 02



26 ноември 2024 година, Гевгелија Број 22 Година XXXXIII

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за донесување на Конечен Предлог-Детален убанистички план за блок 12 КО Гевгелија, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година**

Се објавува Одлуката за донесување на Конечен Предлог-Детален убанистички план за блок 12 КО Гевгелија, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 25.11.2024 година.

Бр.08-1455/2
26.11.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 27 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и член 38 став (1) точка 7 од Статутот на Општина Гевгелија („Сл. Гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 25.11.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За донесување на Конечен Предлог-Детален убанистички план за блок 12 КО Гевгелија, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Конечен Предлог-Детален убанистички план за блок 12 КО Гевгелија, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година со графички приказ на планот и текстуален дел на планот.

**Член 2**

Конечниот Предлог- Детален убанистички план за блок 12 КО Гевгелија, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 115,282 ха.

Границата на планскиот опфатот е дефинирана:

-На северната страна по осовината на магистрална сообраќајница бул.„Гевгелија“ и продолжува на североисток по осовина на регионалниот патен правец Р1102,

-На источната страна по осовина на регулирано речно корито на река Раул и продолжува по осовината на водотекот на коритото на река Вардар, каде што во целост се совпаѓа со границата на планскиот опфат на ГУП Гевгелија,

-На јужната страна границата е дефинирана по осовина на водотек на реката Сува Река

-На западната страна границата се протега по осовините на постојните сообраќајници: ул.„Железничка“ и ул.„Борис Кидрич“ и во пресечна точка се спојува со осовина на магистрална сообраќајница бул.„Гевгелија“.

**Член 3**

Просторот опфатен со Конечниот Предлог- Детален убанистички план за блок 12 КО Гевгелија, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година, е со следните намени:

Група на класи намени Б (комерцијални и деловни намени)
-Б1 (мали комерцијални и деловни намени)
-Б2 (големи трговски единици)
-Б3 (големи угостителски единици)
-Б5 (хотелски комплекси)
Група на класа на намени Г (производство, дистрибуција и сервиси)
-Г2 (лесна и незагадувачка индустрија)
-Г3 (сервиси)
-Г4 (стоваришта)

Група на класа на намена Д (зеленило и рекреација)
-Д1 (парковско зеленило)
-Д2 (заштитно зеленило)

Група на класа на намена Е (инфраструктура)
-Е1 (комунална инфраструктура)
-Е2 (комунална супраструктура)

**Член 4**

Конечниот Предлог- Детален убанистички план за блок 12 КО Гевгелија, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година, се состои од текстуален и графички приказ, кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Конечниот Предлог- Детален убанистички план за блок 12 КО Гевгелија, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година по усвојувањето се доставува на надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1451/1
25.11.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА“, Излегува по потреба***
***Уредува и издава: Општина Гевгелија-Одделение за правни работи.***
***Ул. ,,Димитар Влахов“ бр. 4 Гевгелија***